31618

13421.

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Недела 3 јуни 1984 год. ● стр. 10

ИЗЛОЖБИ

# АКТИВЕН ОДНОС

**● ИНТЕРВЕНЦИИ НА СИМОН УЗУНОВСКИ ВО ДОМОТ НА МЛАДИТЕ „25 МАЈ" ВО СКОПЈЕ**

*Симон Узуновски (1949) е по професија архитект* ***кој се занимава со сликар****ство но кој, барем досега, најдобро се остварува во* ***она*** *што најопшто се нарекува „алтернативна" или „нова уметничка практика". Тоа значи неконвенционален пристап во пластичното третирање и осмислување на употребените средства земени од фондот на најбаналните потрошни предмети.*

*Во македонскиот ликовен простор реализацијата на овие нови нетрадиционални настојувања, забележани повремено во текот на последната деценија, е директно условена од потребите и можностите на институција група луѓе или поширока општествена средина. Благодарејќи на Домот на младите Узуновски е еден од оние автори кој имаше можност да оствари за кратко време две пластични интервенции во просторо откривајќи го континуитетот на своите интересирања и размислувања. Неговите творби претставуваат* ***амбиентален*** *асамблаж составен од непостојани предмети (хартија, селотејп, конон, железо, дрво, бетон, органски материи и др.) како „отворен систем" кој може да прими додатни интервенции без да ја наруши основната концепција. Всушност, суштествениот аспект на овие сценографично артикулирани простори се состои во процесуалноста на нивното создавање и провокацијата за неспоредно вклучување на гледачотт во слободната, но не неусловена, креативна игра. Без тоа влегување „во делото" и прифаќање на предизвикот тешко дека може да се осмислат вакviот вид активности. Воспоставување активен и понепосреден однос помеѓу уметникот, делото и гледачот значи социјализација на креативниот чин, добивање свест за сопствените можности и ослободување на потиснати содржини во човекот, неговата потреба за промена и независност.*

*Неугледноста на материјалот, кој во целина не е без извесна „естетичност" во компонирањето ефемерноста на креативниот чин и ироничната провокација предизвикуваат извесна недоверба и резерва кај гледачот но до оној момент кога се открива можноста за сопствено учество. Тоа воедно претставува еден од основните елементи за одредување на критериумите за осмислување и валоризирање на овие интервенции. Во „Грмушка", „Струк" (Парангал), „Бавча", „Невеста" и др. Узуновски креира, употребувајќи го методот на апликации, колаж, асамблаж и пластична „шара" во просторот, со кревка архитектуралност, интуитивна и спонтана. Тоа е своевидна „сиромашна уметност" која има ефемерен карактер и се осмислува низ процесот на моментниот креативен чин од кој може да има материјални остатоци но главно се регистрира со фотографија или филм.*

**В. Величковски**